**ОПШТИНА СТРУМИЦА**

# П Р А В И Л Н И К

**за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Струмица**
**за субвенционирање на граѓаните за купување на нов велосипед**
**за 2026 година**

---

**Содржина:**


1. **Вовед**
2. **Цели и принципи на мерката**
3. **Финансиски средства, опфат и дефиниции**
4. **Услови за учество и прифатливи трошоци**
5. **Критериуми и постапка за разгледување на барањата**
6. **Исплата, контрола, неправилности и враќање средства**
7. **Завршни одредби**

## 1. Вовед

Од 2020 година Општина Струмица спроведува мерки за поттикнување на користење на велосипед како еколошко, економично и здраво превозно средство. Мерката придонесува кон унапредување на одржливата урбана мобилност, намалување на емисиите на штетни гасови и подобрување на квалитетот на животната средина на подрачјето на Општина Струмица.

Во 2026 година мерката „Субвенционирање на граѓаните за купување на нов велосипед " се спроведува како дел од Програмата за активности во обласа на заштитата на животната средина на подрачјето на Општина Струмица за 2026 година (Програма P1) и Буџетот на Општина Струмица за 2026 година, во координација меѓу Одделението за заштита на животната средина и Одделението за Меѓународна соработка и Европски фондови при Општина Струмица.

Со цел да се обезбедат рамноправност, транспарентност и оправданост во користењето на јавните средства, субвенционирањето се реализира преку јасно утврдени услови и критериуми, со механизми за спречување на злоупотреби и контрола на доставената документација.

Општина Струмица и Комисијата ќе вршат проверка на веродостојноста и точноста на доставените податоци и документи, при што не се исклучени и службени проверки кај надлежни институции и/или продавачи, онаму што е применливо.

Исплатата на субвенцијата се врши исклучиво врз основа на валидна и веродостојна документација; во случај на неточни или неверодостојни податоци/документи барањето ќе биде одбиено, односно правото на субвенција ќе биде поништено согласно Правилникот.

Со Правилникот се воспоставува транспарентна и предвидлива постапка за избор на корисници на субвенцијата, со јасни правила за административна проверка и право на приговор. На овој начин се овозможува распределбата на средствата да биде насочена кон граѓани со поголема потреба и повисок потенцијал за секојдневно користење на велосипед, при што се обезбедува еднаков третман и спречување на можни злоупотреби.

### 1.1. Досегашна состојба

Во периодот од 2020 до 2025 година, Општина Струмица континуирано спроведуваше мерки за поттикнување на користењето на велосипед како еколошко, економично и здраво превозно средство. Субвенционирањето се реализираше преку јавен повик, при што разгледувањето и одобрувањето на барањата се вршеше по принципот „прв дојден - прв услужен", од денот на објавување на јавниот повик до исцрпување на предвидените средства, но не подоцна од утврдениот рок на траење на јавниот повик.

Досегашната практика овозможуваше брза обработка на барањата и навремено информирање на јавноста за динамиката на искористување на средствата. Сепак, стекнатите искуства од спроведувањето на мерката покажаа потреба од унапредување на пристапот со цел да се обезбеди рамноправна распределба

на средствата, да се зајакнат механизмите за проверка на доставената документација и да се намали ризикот од можни неправилности.

Поради тоа, од 2026 година се воведува надграден модел на субвенционирање. Новиот пристап се заснова на јасно утврдени услови и критериуми, со што се обезбедува поголема транспарентност, предвидливост и оправданост во користењето на јавните средства, согласно одредбите на овој Правилник. Со тоа се обезбедува појасна приоритизација на барателите и поефикасно насочување на средствата кон категориите со поголема потреба и потенцијал за секојдневно користење на велосипед.

## 2. Цели и принципи на мерката

Мерката има за цел да го поттикне користењето на велосипед како секојдневно превозно средство на подрачјето на Општина Струмица, да придонесе кон унапредување на одржливата урбана мобилност и намалување на негативните влијанија врз животната средина.

Оваа мерка претставува практична поддршка за одржлива урбана мобилност и унапредување на квалитетот на животната средина на подрачјето на Општина Струмица.

Принципи на мерката се: транспарентност и информирање на јавноста при спроведувањето; правичност преку јасно утврдени критериуми, објективност и проверливост преку јасно дефинирани докази и можност за службени проверки; отчетност во одлучувањето и право на приговор; како и примена на соодветни механизми за контрола и постапување, со цел обезбедување правилно и наменско користење на јавните средства.

За јавноста и барателите се обезбедува јасно информирање за начинот на пријавување и спроведување на постапката, во согласност со јавниот повик и овој Правилник.

## 3. Финансиски средства, опфат и дефиниции

### Член 1 (Правен основ)

Овој Правилник се донесува врз основа на Статутот на Општина Струмица и Буџетот на Општина Струмица за 2026 година, а во врска со Програмата за активностите во областа на заштита на животната средина на подрачјето на Општина Струмица за 2026 година (Програма Р1), како и врз основа на други важечки прописи и акти на Општина Струмица.

### Член 2 (Финансиски средства)

Вкупниот износ на финансиските средства за спроведување на мерката изнесува 600.000,00 (шестотини илјади) денари и се обезбедува од Буџетот на Општина Струмица за 2026 година.

## 4. Услови за учество и прифатливи трошоци

### Член 3 (Опфат на субвенцијата)

Субвенцијата се доделува за купување на нов велосипед, купен во Република Северна Македонија, во периодот утврден со јавниот повик.

Висината на субвенцијата изнесува најмногу до 50% од вредноста на прифатливите трошоци, во зависност од видот на велосипедот. Во јавниот повик Општина Струмица може да утврди и други технички параметри, под услов истите да се еднакво применливи за сите подносители, да не воведуваат дополнителни критериуми надвор од овој Правилник и да не создаваат дискриминирачко дејство.

### Член 4 (Општи услови за прифатливост)

Право на учество имаат лица кои ги исполнуваат следните услови:

- имаат живеалиште на подрачјето на Општина Струмица;
- право на субвенција може да оствари физичко лице кое има наполнето 18 години;
- не користеле субвенција за истата намена од Општина Струмица во последните 3 години, сметано station наназад од денот на објавување на јавниот повик;
- купиле нов велосипед во периодот утврден со јавниот повик;
- доставиле комплетна и точна документација согласно јавниот повик.

### Член 5 (Неприфатливи трошоци)

Неприфатливи трошоци се:

- купување користен/половен велосипед;
- трошоци за сервисирање, поправка, резервни делови, батерии и сл.;
- купување електрични тротинети, мопеди, или слични средства, (освен електрични велосипеди);
- трошоци кои не се докажани со фискална сметка или кои не содржат јасни ставки.

### Член 6 (Исклучување од учество)

Од учество се исклучуваат:

- лица вработени во Општина Струмица и во јавните претпријатија/установи основани од Општина Струмица, како и членови на нивното потесно семејство. Оваа одредба за исклучување се однесува на лицата вработени во органите и службите на Општина Струмица, како и во јавните претпријатија и установи основани од Општина Струмица, но не претставува исклучување на сите лица вработени во јавниот сектор;
- лица кои доставиле неточни податоци, лажна документација или неовластено влијаеле на постапката;

**Член 7 (Документација)**

Подносителот доставува документација согласно јавниот повик, при што треба да се достави минимум следната документација:

- Пополнето Барање;
- Копија од лична карта;
- Копија од трансакциска сметка на барателот;
- Фискална сметка со јасно наведени ставки за видот на велосипедот;
- Испратница со јасно наведени ставки за видот на велосипедот, моделот и/или сериски број;
- Фотографија од набавката;
- Изјава од барателот под материјална и кривична одговорност за веродостојност на податоците;
- Изјава од економскиот оператор (со потпис и печат) дека податоците во фискалната сметка се вистинити, дека сметката со наведениот број нема да биде сторнирана и дека набавката е извршена согласно наведената документација.

**5. Критериуми и постапка за разгледување на барањата**

**Член 8 (Постапка за разгледување на барањата)**

Комисијата ги разгледува поднесените барања согласно претходно утврден распоред, односно еднаш неделно, врз основа на условите утврдени во овој Правилник и во јавниот повик.

**Член 9 (Критериуми за утврдување на субвенцијата)**

**При одлучување на поднесените барања се применуваат следните критериуми:**

1) вид на набавен велосипед
2) пазарна вредност на набавката

**1) Вид на набавен велосипед**

- По основ на вид на набавен велосипед се утврдува максимален износ на субвенција:

**Субвенцијата изнесува најмногу 50% од вредноста на набавката, но не повеќе од:**

- За електричен велосипед (e-bike), субвенцијата изнесува 50% од вредноста на набавката, но не повеќе од 12.000 денари;
- За велосипед (градски, планински,спортски), субвенцијата изнесува 50% од вредноста на набавката, но не повеќе од 8.000 денари;
- За детски велосипед (со големина на тркала заклучно со 18”), субвенцијата изнесува 50% од вредноста на набавката, но не повеќе од 3.000 денари;

Потребна документација за Критериум 1:

а) Фискална сметка со јасно наведен тип/модел на набавката;
б) Испратница со точно наведен модел и/или сериски број на велосипедот;
в) Фотографија од набавката (печатена верзија);
г) Изјава од економскиот оператор (со потпис и печат) дека податоците во фискалната сметка се вистинити, дека сметката со наведениот број нема да биде сторнирана и дека набавката е извршена согласно наведената документација.

**2) Пазарна вредност на набавката**

Комисијата врши проверка на пазарната вредност на набавениот велосипед преку споредба со јавно достапни цени.

При проверката, Комисијата е должна да го евидентира и да го наведе изворот на информациите за пазарната вредност на конкретниот вид на велосипед кои ќе послужат како основа за транспарентно и проверливо одлучување.

- Во зависност од утврдената состојба:

а) доколку цената целосно одговара на пазарната вредност, се исплаќа целата пресметана субвенција;

б) доколку цената е со значително отстапување од пазарната вредност, Комисијата може да одлучи да додели понизок износ на субвенција односно да исплати најмногу 50% од побараната субвенција за велосипед;

в) доколку цената е нереално висока во однос на пазарната вредност, Комисијата може да донесе одлука воопшто да не одобри субвенција.

*** Комисијата може да направи споредба со просечни пазарни цени (од повеќе продавници или интернет).**

Како доказ за видот на велосипед се прифаќа фискална сметка со јасно наведена категорија/модел и испратница во која се наведени техничките карактеристики на купениот велосипед.

**Исплата, контрола, неправилности и враќање средства**

**Член 10 (Одлучување и исплата)**

Градоначалникот, врз основа на предлог на Комисијата, донесува Решение за одобрување или одбивање на барањата. Исплатата на субвенцијата се врши на трансакциска сметка на подносителот, во рок и на начин утврдени со јавниот повик.

**Член 11  (Контрола и спречување злоупотреби)**

Општина Струмица и Комисијата ќе извршат службена проверка на доставените податоци и документи.

Комисијата е должна да изврши проверка на прикажаната цена, односно пазарната вредност на набавениот велосипед, преку споредба со јавно достапни цени. Доколку се утврди очигледно отстапување од вообичаените пазарни цени, Комисијата може да побара дополнителна документација и/или да ја земе предвид пазарната вредност при утврдување на прифатливите трошоци.

**Член 12  (Неправилности и враќање средства)**

Доколку по исплатата на субвенцијата се утврди дека подносителот доставил лажни или неточни податоци, користел фалсификувана документација или на друг начин ја злоупотребил мерката, Општина Струмица ќе донесе акт за поништување на правото на субвенција и ќе побара враќање на исплатените средства, согласно важечките прописи.

**7. Завршни одредби**

**Член 13**

Овој Правилник стапува во сила со денот на донесувањето и се применува за јавниот повик за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Струмица за 2026 година.

***

Градоначалник на

Општина Струмица

Петар Јанков

Изготвил: Одделение за МСЕФ

Потврдил: Никола Годев